ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-1855/7
22-10-2025

Врз основа на член 22 и член 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19) и член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива Државната комисија за спречување на корупцијата на 23-та седница одржана на ден 13.10.2025 година донесе

*Одлука*

Постапката по предметот со број 08-1855/1 од 02.07.2025 година, СЕ ЗАПИРА.

Предметот со број 08-1855/1 од 02.07.2025 година да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 08-1855/1 од 02.07.2025 година е оформен по сопствена иницијатива а по однос на доставена пријава, за неподнесување на анкетен лист од страна на лицето ______________ по престанок на функцијата член на ______________________________________________________.

Поради проверка на наводите од пријавата и утврдување на фактичка состојба, Државната комисија за спречување на корупцијата изврши увид во „Службен весник на РСМ", по што констатира дека лицето ___________________ е разрешено од вршење на фунцијата член на ______________________________________________
со Решение бр.15-10543/1 03.10.2023 година, донесено од Владата на РСМ и објавено во „Службен весник на РСМ" бр.215/23 .

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Во врска со тоа, Државната комисија изврши увид во Административната алатка на поднесени анкетни листови како и во другите бази на податоци со кои располага и констатира дека _______________________ во законски предвидениот рок по престанок на функцијата член на ________________________________________________________________ не поднел анкетен лист до Државната комисија за спречување на корупцијата.

Согласно горе наведеното, поради констатираниот прекршок на одредбите од член 82 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси од страна на лицето __________________, Државната комисија изготви Записник за констатиран прекршок со бр. 08-1855/4 од 08.08.2025 година и Прекршочен платен налог со бр. 08-1855/5 од 08.08.2025 година.

Државната комисија за спречување на корупцијата направи обид за достава на прекршочниот платен налог, при што сторителот е уредно известен видно од повратницата на која стои потпис и датум на прием 14.08.2025 година. Истиот на ден 21.08.2025 година извршил уплата на половина од законски предвидената глоба во рок, видно од доставената уплатница како доказ за иврешена уплата.

.

ДКСК констатира дека нема елементи за нејзино понатамошно постапување во конкретниот случај.

Врз основа на горенаведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

Заменик претседател,

м-р Цвета Ристовска

Изготвил: К.Б., помлад соработник

Контролирал: м-р Н.Т-М., раководител на одделение

Согласен: К.З., раководител на сектор

Одобрил: м-р С.Д., член на ДКСК